Арх.

Република Северна Македонија

Министерство за животна средина и просторно планирање

-Државен инспекторат за животна средина-

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина преку Виш водостопански инспектор Виолета А. Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр. од 25.01.2024год., изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Општина Студеничани со седиште на ул.„1" бр.117,Студеничани, Скопје и со Записник број ип1 31-129 од 02.04.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019,272/24,22/25), а во врска со примена на одредбите од Закон за води, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

Се Опоменува субјектот на надзор Општина Студеничани, да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци и вршењето на активноста да ја усогласи со одребите од Закон за води и прописите кои ја уредуваат областа, и тоа:

- Да превземе активности за заштита од штетно дејство на водата на дел од речното корито на Маркова река

1) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 90 (деведесет) дена од приемот на решението.

2) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

~~3) Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од __________денари, на жиро сметка број ____________________.~~

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување

# Образложение

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 од Закон за води (Сл. весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21,3/25), преку Виш водостопански инспектор Виолета А.Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр. од 25.01.2024 год. изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, состави Записник број ип1 31-129 од 02.04.2025 година, во кој се констатирани наоди за утврдена фактичка состојба:

Во врска со појавата на обилни врнежи од дожд и излевање на Маркова река во село Батинци и дел од н.м. Маркова Сушица, се изврши вонреден инспекциски надзор на дел од речното корито кое се наоѓа на територија на општина Студеничани и на критичните точки каде има видлива појава на излевање на водата од речното корито. Од увидот на лице место може да се утврди дека на дел од катастарска парцела 2301/1 Ко Батинци и дел од катастарска парцела 929/1 КО Маркова Сушица, гледано по течението на реката од левата страна на коритото имало излевање на вода од речното корито со која бил зафатен околниот недвижен имот. Во моментот на увидот водата е повлечена во коритото и нема повторно излевање на истата. На одредени попречни профили од коритото и бреговите на површинското водно тело има присутна вегетација, дрвна маса,отпад и наталожен нанос од одредена количина на наносен материјал од песок и камен.

Констатација: од утврденото,а се со крајна цел, заштита на околниот недвижен имот и прифаќање од појавата на големи атмосферски води и нормален проток на водата во речното корито, субјектот на надзор како надлежен орган за заштита од штетно дејство на водите, потребно е да превземе мерки и активности за заштита од површинското водно тело. Да превземе мерки со тоа што ќе изврши расчистување од вегетација и дрвна маса како и да изврши отстранување на депонираниот наносен материјал врз основа на акт одобрен од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање. Исто така преку своите инспекциски служби субјектот да изврши увид и да ги отстрани сите бесправно поставени препреки по профилот на речното корито кои во моментот се разрушени и не се во функција како и да го отстрани депонираниот отпад во и покрај

речното корито, а се со цел, регулација на речното корито и заштита и подобрување на режимот на водата и добро од општ интерес.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА
Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број бр. Ип1 31-129 од 03.04.2025 година

Виш водостопански инспектор
Виолета А.Ѓорѓиева д.т.и.
рег.бр.06-0024 од 25.01.2024 год.